12819

**PRES-SERVIS**

NOVINSKO-IZDAVAČKO PREDUZEĆE SAVEZA NOVINARA JUGOSLAVIJE

PRESS PUBLISHING ENTERPRISE OF THE FEDERATION OF YUGOSLAV JOURNALISTS

BEOGRAD — Knez Mihailova 2/X — Pošt. fah 842

Tel. 621-578 — Žiro račun — Current Account 608-1-251-1

**SLUŽBA DOKUMENTACIJE**
**CLIPPING SERVICE**

Isečak iz lista
Newspaper cutting НОВА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
26. III. 1970



**ПОЕМА.** — Тоа е насловот на ова платно од Ана Темкова, што е поставено на изложбата во Уметничката галерија. Оваа изложба ќе биде отворена вечерва. На неа се прикажани 45 слики, масла на платно и 8 мозаици. Тоа е и прво покомплетно излагање на Ана Темкова во Скопје. А првата самостојна изложба ја имаше во 1968 година во Штип, заедно со Илинка Глигорова. Минатата година во Ферара отвори изложба. Од 1966 година, кога Ана Темкова ги заврши студиите во Белград, е постојано присутна на заедничките изложби во Белград, Сараево, Загреб, Скопје, Тузла, Нови Сад, Чачак. Учествувала на Третото триенале во Белград, на изложбата „Југословенска уметност“ во земјите на Блискиот Исток, „Петтиот меморијал на Надежда Петровиќ“ во Чачак, „Современа македонска изложба“ во Истанбул и Анкара.

Изложбата на Ана Темкова, што ја организира Уметничката галерија во Скопје, доаѓа заедно со повеќе признанија што досега ги добила Темкова за своето сликарство: сојузна младинска награда (Белград, 1969) откупна награда на изложбата „Југословенски портрет“ (Тузла, 1967) награда на весникот „Млад борец“ (Скопје, 1968) и награда „Винченцо Монти“ (Италија, 1969).

Сликарството на Ана Темкова, она што е презентирано на оваа изложба, инспирирано е од многу мали нешта со кои била во допир во детството и кои во сликата го добиваат своето значење.

О. Сп.